Архивски број: 08-643/5
25-12-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–643/1 од 27.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз политичка основа и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Казнено поправна установа затвор Скопје, преттавувана од директор Филип Андов и повеќемина вработени во установата, и тоа: [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–643/1 од 27.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## Образложение

На 27.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Казнено поправна установа затвор Скопје, преттавувана од директор Филип Андов и повеќемина вработени во установата, и тоа: [redacted]

Во поднесената претставка подносителот наведува мноштво настани поврзани и кои произлегуваат од заснованиот работен однос кај работодавачот – Казнено поправна установа Затвор Скопје. Имено, наведува дека наоѓа дека е дискриминиран во врска со јавен оглас бр. 452/23 на кој конкурирал за работно место Помлад соработник за третман во Одделение за третман во Сектор за ресоцијализација, за кое работно место и самиот конкурирал но не бил избран. На наведениот оглас било избрано лице кое било во блиски односи со директорот на установата за што подносителот се повикува на повреда на Закон корупција и судир на интереси. Понатаму наведува дека во јануари 2024 година му било променето работното место од страна на директорот на установата и му било дадено задолжение за извршување одредени работни задачи на работно место Виш референт за магацинско работење. Во претставката посочува за нерегиларности при спроведување на попис во рамки на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

установата и нејзаснотии во спроведувањето ( како наведува – функционирањето ) на јавните набавки. Дополнително наведува дека од страна на директорот на установата била донесена одлука со која му било утврдено фиксно работно време од 7.30 до 15.30 часот поради потребите на службата, односно издавање на канцелариски материјал на вработените во другите организациони единици на установата. Воедно посочува дека повеќе години наназад неговите молби, службени дописи и многубројни мејлови насловено до работодавачот не биле заведувани на соодветен начин согласно прописите за архивско работење. Подносителот наведува и несоодветно постапување од страна на претпоставените и вработените во установата во врска со остварувањето на правото на платено отсуство за 2022 година. Во претставката подносителот наведува мноштво настани за кои наоѓа дека од секојдневното работење на установата

Од изнесеното во претставката и доуредувањето на истата, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, во врска со наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација, Комисијата го упатува подносителот да иницира и оствари заштита на своите права од работен однос пред надлежниот Државниот инспекторат за труд, а во делот од наводите кои се однесуваат на евентуална злоупотреба на службената положба и овластување како и постоењето на судир на интереси, подносителот да ја извести Државната комисија за спречување корупција и /или да иницира постапки пред правосудните органи.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
25.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД